05-405/2
16.03.20

# ДОГОВОР

006-05/1202
16.03.2020

*Склучен помеѓу:*

**1. *Општина Кочани*,** со седиште во Кочани, ул. "Раде Кратовче" бр.1 - Кочани, застапувана од Градоначалникот на Општина Кочани Г-дин Николчо Илијев во својство на одговорното лице на Договорниот орган (во понатамошниот текст : **Купувач) и**

**2. Друштво за трговија, производство и услуги ПЕРБЛАГ увоз-извоз ДОО Кочани,** со седиште на ул."Димитар Влахов" бр.43 Кочани, ДБ 4013993104450 и ЕМБС: 4751922, жиро с-ка 200000017397524 Стопанска Банка АД Скопје, застапувано од Управителот Блага Сенесова ( во понатамошниот текст: **Продавач).**

**Предмет на договорот**

**Член 1**

Предмет на договорот за јавна набавка е **Набавка на ситен инвентар, алати и друг материјал за поправка.**

Овој договор се доделува во спроведена постапка со Набавка од мала вредност, по Оглас бр.02064/2020 објавен на ЕСЈН, врз основа на Одлука за избор на најповолна понуда од 03.03.2020 година, а по Одлука за јавна набавка од 12.02.2020 година.

**Вредност на договорот**

**Член 2**

Вкупната вредност на овој Договор за јавна набавка изнесува: 127.118,64 ден. без вклучен ДДВ, или вкупната вредност на овој Договор за јавна набавка изнесува 150.000,00 ден. со вклучен ДДВ 18%.
Средствата ќе се обезбедуваат од Буџетот на Општина Кочани за 2020 и 2021 година, Програма Е0 ставка 423.
Договорниот орган не е обврзан да ја исцрпи вкупната вредност од ст.1 од овој член.

**Начин и рок на плаќање**

**Член 3**

Плаќањето ќе се врши со фактура и испратница, задолжително потпишана од претставници на двете договорни страни, во рок од 30 дена, сметано од денот на приемот на фактурата со испратницата во архивата на Купувачот, за стварно нарачани видови на стоки и количини, согласно техничката спецификација, фактурирани по единечните цени без ДДВ, прилог на овој договор.

**Начин, рок и место на испорака на стоките**

**Член 4**

Набавката е сукцесивна, ќе се врши во зависност од потребите на Купувачот и по писмено барање на Купувачот. Нарачката ќе ја врши лице вработено при Купувачот, истата ќе се врши по писмен пат (со доставување по пошта) или преку е-маил адреса (дадена во понудата).

Продавачот се обврзува нарачаните стоки да ги испорача во рок од најмногу 1 (еден) ден сметано од денот на нарачката.

Продавачот е должен секоја нарачка да ја достави во определениот рок, со свое возило, на локација: Општина Кочани ул.„Раде Кратовче“ бр.1 Кочани.

Продавачот се обврзува стоката – предмет на набавка по овој Договор, да ја испорача во потполно функционална состојба. За стоките за кои се бара гаранција согласно техничката спецификација, истата треба да биде доставена при испораката на стоката.

**Член 5**

Квалитативен и квантитативен прием на стоката од чл. 1 од овој Договор врши Купувачот, со документ (испратницата) потпишана од двете договорни страни.

Во текот на примопредавањето се утврдува квалитетот и квантитетот на испорачаната стока.

Продавачот се обврзува стоката – предмет на набавка по овој Договор, да ја испорача во потполно функционална состојба.

Купувачот е должен испорачаната стока да ја прегледа на вообичаен начин за да утврди дали постојат видливи недостатоци.

Доколку прегледот се изврши во присуство на обете страни Купувачот е должен своите забелешки поради видливи недостатоци да му ги соопшти на Продавачот.

**Член 6**

Продавачот одговара за материјалните недостатоци на стоката што таа ги имала во моментот на преминувањето на ризикот врз Купувачот, без оглед дали тоа му било познато.

Продавачот одговара и за оние материјални недостатоци што ќе се појават по преминувањето на ризикот врз Купувачот ако се последица од причина што постоела пред тоа.

Незначителниот материјален недостаток не се зема предвид.

**Член 7**

Недостаток постои:

1) ако стоката ги нема потребните својства за нејзина редовна употреба или за промет;
2) ако стоката ги нема потребните својства за особената употреба за која ја набавува Купувачот, а која му била позната на Продавачот или морала да му биде позната;
3) ако стоката ги нема својствата и одликите што се изречно или премолчно договорени, односно пропишани.

**Член 8**

Купувачот кој навремено и уредно го известил Продавачот за недостатокот може:

1) да бара од Продавачот да го отстрани недостатокот или да му предаде друга стока без недостаток (исполнување на договорот) и/или
2) да изјави дека го раскинува договорот.

Во секој од овие случаи Купувачот има право и на надомест на штетата. Покрај тоа и независно од тоа, Продавачот му одговара на Купувачот и за штетата што овој поради недостаток на стоката ја претрпел на другите свои добра и тоа според општите правила за одговорноста за штета.

**Времетрање на договорот**

**Член 9**

Овој договр се склучува за период од 12 месеци или до потрошување на договорената вредност.

**Услови за прекинување или раскинување на договорот**

**Член 10**

Купувачот може да го раскине договорот само ако претходно му оставил на Продавачот дополнителен примерен рок од 3/три/ дена за исполнување на договорот.

Купувачот може да го раскине договорот и без оставање на дополнителен рок ако Продавачот, по известувањето за недостатоците, му соопштил дека нема да го исполни договорот, или ако од околностите на конкретниот случај очигледно произлегува дека Продавачот не ќе може да го исполни договорот ниту во дополнителниот рок.

**Член 11**

Ако Продавачот во дополнителниот рок не го исполни договорот, тој се раскинува според самиот закон, но Купувачот може да го одржи ако без одлагање му изјави на Продавачот дека договорот го одржува во сила.

**Член 12**

Кога само дел од предадената стока има недостатоци, или кога е предаден само дел од стоката, односно помало количество од договореното, Купувачот може да го раскине договорот во смисла на претходните членови само во поглед на делот што има недостатоци, или само во поглед на делот или количеството што недостига.

Купувачот може да го раскине целиот договор само ако договореното количество или предадената стока сочинува целина, или ако Купувачот инаку има оправдан интерес да ја прими договорената стока или количество во целост.

**Член 13**

Раскинувањето на договорот поради недостаток на стоката произведува исти дејства како и раскинувањето на двостраните договори поради неисполнување.

Купувачот му должи на Продавачот надомест за користа од стоката и кога му е невозможно да го врати целиот или еден негов дел, а договорот е сепак раскинат.

**Договорна казна за задоцнување или неисполнување на договорот**

**Член 14**

Во случај на доцнење со испораката на стоките во конкретната нарачка од страна на Продавачот, Купувачот има право на надомест на штета и договорна казна.

Договорната казна се определува во висина на 0,1 % од вредноста на неиспорачаната стока за секој започнат ден, за првите два дена, односно 0,5% за секој нареден ден задоцнување, но не повеќе од 5% од вредноста на неиспорачаната стока.

Во случај на 2 (две) последователни неиспораки, Купувачот има право по предходно доставено писмено известување до Продавачот , по дополнително оставен рок од 1 /еден/ ден, да го раскине Договорот за набавка со проста изјава.

Во случај на ст. 3 од овој член, Продавачот е должен да му ја надомести штетата на Купувачот.

Кога едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот. а во секој случај има право на надомест на штетата.

**Заврши и општи одредби**

**Член 15**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни, и се во согласност со Законот за јавните набавки и позитивните законски прописи во РМ.

**Член 16**

За евентуален спор по овој Договор, ќе решава стварно и месно надлежен суд.

**Член 17**

Овој Договор е составен во 6 (шест) еднакви примероци, од кои 4 /четири/ примерока за Купувачот, а 2 /два/ примерока за Продавачот и истиот стапува на сила со денот на неговото склучување.

***Продавач,***
***ПЕРБЛАГ ДОО Кочани***
***Управител,***

***( Блага Сенесова )***

***Купувач,***
***Општина Кочани***
***Градоначалник,***

***( Николчо Илијев )***

Составен дел на овој Договор е :
- Листа на цени со намалени единечни цени за 23,99 % согласно Извештај од е-аукција

*Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Далиборка Стојанова*
*Согласен : Раководител на Одделение за правни и општи работи–Венцо Бојков*
*Контролирал: Помошник Раководител на Сектор за правни, јавни дејности и општи работи –Анна Кралева*

## Набавка на ситен инвентар, алати и друг материјал за поправка

| *Реден број* | ***Вид, опис и минимални карактеристики на стоката*** | ***Единична мерка*** | ***Единична количина*** | ***Единечна цена без ддв*** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Вентил пропусен месинган ½ " | парче | 1 | 148,22 |
| 2. | Вентил пропусен месинган ¾ " | парче | 1 | 167,22 |
| 3. | Вентил пропусен ППР Ф 20 mm | парче | 1 | 150,50 |
| 4. | Вентил пропусен ППР Ф 25 mm | парче | 1 | 174,82 |
| 5. | ЕК вентил ½ - 3/8 цол | парче | 1 | 110,21 |
| 6. | Колено ППР Ф 20/90 mm | парче | 1 | 8,36 |
| 7. | Колено ППР Ф 25/90 mm | парче | 1 | 12,16 |
| 8. | Цевка ППР Ф 20 mm | метар | 1 | 31,92 |
| 9. | Цевка ППР Ф 25 mm | метар | 1 | 41,04 |
| 10. | Батерија за лавабо од месинг ѕидна едноречна со излив до 200мм. | парче | 1 | 288,83 |
| 11. | Батерија за лавабо од месинг усадна едноречна со излив до 200 мм. | парче | 1 | 364,84 |
| 12. | Чешма за ладна вода ѕидна од месинг С-200 | парче | 1 | 182,42 |
| 13. | Затворач за чешма ½ " (вирбла) од месинг | парче | 1 | 102,61 |
| 14. | Затворач за чешма 3/8 " (вирбла) од месинг | парче | 1 | 89,69 |
| 15. | Умивалник без чизма од 50 до 60 cm. (керамички) | парче | 1 | 881,69 |
| 16. | Пластичен капак за ВЦ-шоља, димензии од 44x37cm. | парче | 1 | 220,42 |
| 17. | ВЦ-шоља (керамичка) со одвод во под.димензии висина од 390 до 400 мм, ширина од 340 до 380 мм | парче | 1 | 984,30 |
| 18. | Казанче за ВЦ-шоља високо монтажно ПВЦ, максимум 10 l | парче | 1 | 813,29 |
| 19. | Казанче за ВЦ-шоља ниско монтажно ПВЦ, максимум 10 l | парче | 1 | 722,08 |
| 20. | Држач метален за тоалет хартија | парче | 1 | 125,41 |
| 21. | Држач метален за брисачи за раце | парче | 1 | 167,22 |
| 22. | Пумпица за течен сапун пластична за на зид | парче | 1 | 102,61 |
| 23. | Панцир црево за насадна батерија должина од максимум 50 см, 3/8 " | метар | 1 | 95,01 |
| 24. | Пвц црево за ВЦ-казанче, ребрасто должина од максимум 1, 8 m. | метар | 1 | 171,02 |
| 25. | Одводно црево (ребрасто-растегливо) ПВЦ до 80 cm. | метар | 1 | 64,61 |
| 26. | Штуцна гумена ексцентар, растојание на ексцентар на гумата максимум 20 мм, висина на гума максимум 100 мм Ф 110 | парче | 1 | 60,81 |
| 27. | Штуцна гумена права, висина на гума максимум 100 мм, Ф 110 | парче | 1 | 57,01 |
| 28. | Подложна гума за ВЦ-шоља ширина од 220 до 280 мм должина од 420 до 600 мм | парче | 1 | 34,20 |
| 29. | Завршна гума за шоља, од Ф-50 | парче | 1 | 21,28 |
| 30. | Тефлон трака димензии од 19 mm x 0,20мм и пакување до 15м | парче | 1 | 22,80 |
| 31. | Водоинсталатерска клешта од материјал CrMoV челик "или еквивалент", кој вилици на клештите треба да бидат калени во масло, со дупол зглоб димензии 45° 51`` | парче | 1 | 190,02 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 32. | Цвицангла од специјален челик за алат кован, целосно појачан и калени ивици за сечење индукционо појачани со полирани челусти. Завршната површина хромирана по стандард EN 12540 "или еквивалент", која ставка се изработува според стандардот ISO 5749 "или еквивалент" и МКС EN 60900:2013 "или еквивалент" со должина до Ф 200 mm<br>• Должина: до Ф 200 mm<br>• Макс. капацитет на сечење: 16 AWG<br>• Макс. дијаметар на жица: Ф 13 mm<br>• Сила на сечење минимум5 kg | парче | 1 | 136,81 |
| 33. | Армирачка клешта 250мм. | парче | 1 | 167,22 |
| 34. | Клешта за бланкирање 170мм. | парче | 1 | 144,42 |
| 35. | Пвц градинарско црево за наводнување, ½ " | метар | 1 | 19,00 |
| 36. | Пвц градинарско црево за наводнување, ¾ " | метар | 1 | 26,60 |
| 37. | Копач кован од искован високо калитетен челик од максимум 2,5 kg. со дрвена рачка должина максимум 95 cm | парче | 1 | 376,24 |
| 38. | Гребула од челик од максимум 32 заба со дрвена рачка должина максимум 160 cm , од 330 mm - 385 mm | парче | 1 | 220,42 |
| 39. | Коса за косење од челик од максимум 60 cm. | парче | 1 | 349,64 |
| 40. | Лопата метална рамна за ископ со дрвена рачка со димензии од 1400/250мм. до 1600/ 300 мм. | парче | 1 | 186,22 |
| 41. | Лопата за снег пластична (со дрвена рачка)<br>ширина: максимум 50 mm<br>длабочина: максимум 250 mm<br>висина: максимум 720 mm | парче | 1 | 224,22 |
| 42. | Боја основна, пакувана во амбалажа од максимум 1000 ml | литар | 1 | 148,22 |
| 43. | Боја емајл лак, пакувана во амбалажа од максимум 1000 ml. | литар | 1 | 186,22 |
| 44. | Разредувач уљен, пакуван во амбалажа од максимум 1000 ml.<br>Наменет за разредување на алкидни и акрилни према зи, како и за миење на алат. | литар | 1 | 98,81 |
| 45. | Разредувач нитро, пакувана во амбалажа од максимум 1000 ml.. | литар | 1 | 87,41 |
| 46. | Гипсено лепило, пакувано во амбалажа до 3 kg | килограм | 1 | 16,72 |
| 47. | Книжна самолеплива трака со ширина од максимум 19 mm., должина до 20 m | метар | 1 | 6,08 |
| 48. | Книжна самолеплива трака со ширина од максимум 35 mm. должина до 50 m | метар | 1 | 7,60 |
| 49. | Четка за бојадисување , мин.4"/100mm, мин.должина 64mm и дебелина 14mm, пластична дршка | парче | 1 | 60,81 |
| 50. | Четка за бојадисување , мин. 3"/75mm, мин. должина 50 mm идебелина 14mm, пластична дршка | парче | 1 | 45,60 |
| 51. | Универзален силикон, пакуван во амбалажа од 0,280 до 0,300 ml. | литар | 1 | 150,50 |
| 52. | Универзално лепило, пакувано во амбалажа од 120 ml. до 1 литар | литар | 1 | 319,23 |
| 53. | Дисперзивно лепило за дрво, пакуван во амбалажа од 0,250 l. до 1 l. | литар | 1 | 150,50 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 54. | Заштитни ракавици, гумени, долги Отпорни на маст и уље,без силикон, должина 23см - 27 cm., Големина S, M, L, XL, | пар | 1 | 57,01 |
| 55. | Заштитни ракавици, гума – платно, кратки Отпорни на маст и уље.без силикон, должина 23см - 27 cm., Големина S, M, L, XL, | пар | 1 | 38,00 |
| 56. | Гумени чизми, голема отпорност на топлина,абразија, пробивање и кинење. големина 40-47 | пар | 1 | 288,83 |
| 57. | Шајки од челик L= 30 mm, Ф=1,8-2,0 mm согласно стандардот DIN 1151 "или еквивалент" | кг. | 1 | 70,69 |
| 58. | Шајки од челик L= 40 mm Ф=2,0-2,2 mm согласно стандардот DIN 1151 "или еквивалент" | кг. | 1 | 74,49 |
| 59. | Шајки од челик L= 50 mm Ф=2,8-3,3 mm согласно стандардот DIN 1151 "или еквивалент" | кг. | 1 | 71,45 |
| 60. | Шајки од челик L= 100 mm. Ф=2,8-3,3 mm согласно стандардот DIN 1151 "или еквивалент" | кг. | 1 | 73,73 |
| 61. | Брава од никел, поцинкуван според стандардот DIN 18251-1 "или еквивалент" за дрвена врата од 6,5cm. | парче | 1 | 150,50 |
| 62. | Брава од никел, поцинкуван според стандардот DIN 18251-1 "или еквивалент"за метална врата од 2,5cm. | парче | 1 | 182,42 |
| 63. | Цилиндар од никел, поцинкуван според стандардот DIN 18251-1 "или еквивалент"за брава 30x30cm. | парче | 1 | 91,21 |
| 64. | Цилиндар од никел, поцинкуван според стандардот DIN 18251-1 "или еквивалент"за брава 40x40cm. | парче | 1 | 182,42 |
| 65. | Цилиндар за алуминиумска брава | парче | 1 | 174,82 |
| 66. | Рачки -Кваки за ПВЦ врати 2/1 | комплет | 1 | 292,63 |
| 67. | Рачка -Квака за ПВЦ прозор | парче | 1 | 171,02 |
| 68. | РАЧКИ – за внатрешни и надворешни врати (едноделни со шилдови и дводелни со розетна) димензии од 28-98-205 мм до 30-126-245 мм | парче | 1 | 149,74 |
| 69. | Механизам за врата (амортизер за затварање врата) | парче | 1 | 440,85 |
| 70. | Катанец со заклучување без употреба на клуч, максимум 50 mm, 3 клуча | парче | 1 | 64,61 |
| 71. | Аголна брусилка напон 230V-50Hz Мокност 900w Големина на диск 125мм. | парче | 1 | 1.200,93 |
| 72. | Брусен камен за метал Ф115mm со дебелина 1mm Главни технички параметри:115x1,0x22,2mm, норма: EN 12413 или еквивалентно | парче | 1 | 36,48 |
| 73. | Брусен камен за метал Ф 230 mm со дебелина 2 mm Главни технички параметри: 230x1,9x22,2mm, норма: EN 12413 или еквивалентно | парче | 1 | 87,41 |
| 74. | Електроди Ф 2,5мм х 350 mm ,со кисела облога | кг. | 1 | 140,61 |
| 75. | Бургија за метал Ф6 HSS, За брзо и прецизно дупчење во мек челик, лим и обоени метали | парче | 1 | 30,40 |
| 76. | Бургија за метал Ф10 HSS ,За брзо и прецизно дупчење во мек челик, лим и обоени метали | парче | 1 | 53,21 |
| 77. | Бургија за бетон Ф6 според HSS DIN 8035,,или еквивалентно<br>- за дупчење во бетон, цигла,камен, керамика, мермер и др.Карбидни остри врвови и спиралната форма за брзо отстранување остатоци од дупчење | парче | 1 | 38,00 |
| 78. | Бургија за бетон Ф10 според HSS DIN 8035 ,,или | парче | 1 | 68,41 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | еквивалентно<br>-за дупчење во бетон, цигла,камен, керамика, мермер и др.Карбидни остри врвови и спиралната форма за брзо отстранување остатоци од дупчење | | | |
| 79. | Хол штраф 4x16 mm<br>Упуштена глава согласно DIN 97 "или еквивалент" | парче | 1 | 2,28 |
| 80. | Хол штраф 4x30 mm<br>Упуштена глава согласно DIN 97 "или еквивалент" | парче | 1 | 3,80 |
| 81. | Саморежен штраф3.9x38мм. | парче | 1 | 3,04 |
| 82. | Саморежен штраф со шајбна 4.8x50мм. | парче | 1 | 3,80 |
| 83. | Универзален скалпер максимум 18mm сечило. | парче | 1 | 26,60 |
| 84. | Чекан од 200 gr со дрвена рачка. Главни технички параметри: дрвена рачка: 200g норма: DIN 1041, GS или еквивалентно | парче | 1 | 110,21 |
| 85. | Чекан од 1000 gr со дрвена рачка. Главни технички параметри: дрвена рачка: 1000g норма: DIN 1041, GS или еквивалентно | парче | 1 | 226,50 |
| 86. | Чекан од 5000 gr со дрвена рачка. Главни технички параметри: дрвена рачка: 5000g норма: DIN 1041, GS или еквивалентно | парче | 1 | 744,88 |
| 87. | Метро за мерење должина до 5м со копче за запирање на лентата., опсег 0.05 -5m | парче | 1 | 53,21 |
| 88. | Метро за мерење на должина до 10м со копче за запирање на лентата,опсег 0.05-10 m | парче | 1 | 125,41 |
| 89. | Пантлика за мерење на должина до 50 метри со навој и рачка | парче | 1 | 226,50 |
| 90. | Сајла за одвод од 9мм.x10м. | парче | 1 | 292,63 |
| 91. | Шпакла ростфрај нитнована до 100 mm, со дрвена рачка | парче | 1 | 74,49 |
| 92. | Бонсек од челик комплет со лист за сечење до 300 mm | парче | 1 | 125,41 |
| 93. | Лист за сечење (за бонсек) до 300 mm | парче | 1 | 21,28 |
| 94. | Пиштол за силикон L=225 -260 мм, Ф= 50-60mm | парче | 1 | 76,01 |
| 95. | Акрилатно премазно средство на водена база, наменето за завршна заштита и декоративна обработка на внатрешни зидни површини во бела боја пакувано во амбалажа од 1 до 5 литри | литар | 1 | 28,12 |
| 96. | Акрилатно премазно средство на водена база, наменето за завршна заштита и декоративна обработка на внатрешни зидни површини во бела боја пакувано во амбалажа од 5 до 25 литри | литар | 1 | 29,64 |
| 97. | Готов малтер во пакување од 30кг. | пакување | 1 | 150,50 |
| 98. | Сет штрафцигери , обични (6 до 7 парчиња - комбинирани) | сет | 1 | 220,42 |
| 99. | Сет рачвасти клучеви 12 парчиња 6-32mm. комбинирани | сет | 1 | 288,83 |
| 100. | Француски клуч 10'' | парче | 1 | 193,82 |
| 101. | Крцкалица -Гедора сет во куфер (chrome vanadium) – 23 додатоци<br>од 12мм до 32мм.. комплет со 2 бр.наставци од 125мм. и 250мм. 1бр.лизгачки дел, 1 бр. за брзо ослободување и 1бр. универзален дел. | комплет | 1 | 1.048,91 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 102. | Алуминиумска скала, мин. 3+1скалила, мин. средна висина на дофат: 3 m | парче | 1 | 889,29 |
| 103. | Жица армирачка Ф 2, според DIN 17140 или еквивалентно со затезна цврстина Rm < 380 N/mm2 и издолжување поголемо од 25% | кг. | 1 | 74,49 |
| 104. | Утичница дупла - вградна 16A, 250V ~(AC)<br>- во согласност со МКС EN 60669-1:2006 или еквивалентно<br>- контактни завртки max 2-2,5mm$^2$<br>- отвор за монтажа Ø 60mm | парче | 1 | 74,49 |
| 105. | Прекинувач еднополен обичен - вграден 10A, 250V ~ (AC)<br>- во согласност со<br>МКС EN 60669-1:2006 или еквивалентно<br>- контактни завртки max 2-2,5mm$^2$<br>- отвор за монтажа Ø 60mm | парче | 1 | 83,61 |
| 106. | Утикач петполен за на кабел L поврзување - Дуропласт 16A 400V<br>Номинални вредности: 16A, 400V~ (AC)<br>Терминали: со завртки, макс. 2,5mm<br>Материјал: Дуропласт~ или еквивалентно | парче | 1 | 49,41 |
| 107. | Прекинувач со сијалица | парче | 1 | 49,41 |
| 108. | Дупол прекинувач со сијалица | парче | 1 | 57,01 |
| 109. | Т разводник со три излеза Номинални вредности: 16A, 400V~ (AC) | парче | 1 | 76,01 |
| 110. | Бистра сијалица од 100 W за фасонка Е27 или еквивалент | парче | 1 | 15,20 |
| 111. | Бистра сијалица 60 W за фасонка Е27 или еквивалент | парче | 1 | 12,92 |
| 112. | Живина сијалица од 125 W за фасонка Е 27 или еквивалент | парче | 1 | 95,01 |
| 113. | Живина сијалица од 160 W за фасонка Е 27 или еквивалент | парче | 1 | 102,61 |
| 114. | Т8 флуо-сијалица 18W, 3000K<br>Грло<br>G13<br>должина 59 cm<br>Обем 2,6 cm<br>макс. оптоварување 18 Watt<br>Просечен животен век на сијалицата 10000 часа<br>Температура на боја 3000 Kelvin<br>Светлосен флукс 1350 lm<br>или еквивалент | парче | 1 | 41,80 |
| 115. | Т8 флуо-сијалица 36W,<br>Грло<br>G13<br>должина 120 cm<br>Обем 2,6 cm<br>макс. оптоварување 36 Watt<br>Просечен животен век на сијалицата 10000 часа<br>Светлосен флукс 700 lm<br>или еквивалент | парче | 1 | 49,41 |
| 116. | Т8 флуо-сијалица 58W, | парче | 1 | 72,97 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Грло<br>G13<br>должина 150 cm<br>Обем 2.6 cm<br>макс. оптоварување 58 Watt<br>Просечен животен век на сијалицата 10000 часа<br>Светлосен флукс 700 lm<br>или еквивалент | | | |
| **117.** | Стартер за флуо цевка неонка од 4-80w | парче | 1 | 17,48 |
| **118.** | Фасонка Е27 стандард бакелит / порцелан Фасонка Е27 - 180° C – PBT, Напон: 250 V ~<br>Температурно подрачје: 180 °C<br>Поврзување: без завртки за водови од 0,5 mm² до 1 mm²<br>Материјал: 180 °C - PBT<br>Изработени се врз основа на DIN EN 60 238<br>или еквивалент | парче | 1 | 36,48 |
| **119.** | Коцкаст надграден панел со мокност од 18 w<br>димензии 225мм x 225мм x 40мм,бела боја<br>Температура на светлина мин. CTT 6000K<br>AC85-265V 50Hz<br>Во пакет со трафо и штрафови<br>Гаранција 1 година | парче | 1 | 224,22 |
| **120.** | Коцкаст надграден панел со мокност од 24 w<br>димензии 300мм x 300мм x 30мм,бела боја<br>Температура на светлина мин. CTT 6000K<br>AC170-265V 50Hz<br>Во пакет со трафо и штрафови<br>Гаранција 1 година | парче | 1 | 311,63 |
| **121.** | Лед (driver)<br>Модел 8-15W<br>AC170-265V/50-60Hz<br>DC300mA+-5% 54-100V | парче | 1 | 95,01 |
| **122.** | Лед (driver)<br>Модел 8-24W<br>AC170-265V/50-60Hz<br>DC300mA+-5% 54-100V | парче | 1 | 102,61 |
| **123.** | Лед неонка со должина од 60см.<br>Моќност 9W<br>Напон 220V<br>Температура на светлина мин.6000K<br>Гаранција 1 година | парче | 1 | 110,21 |
| **124.** | Лед неонка со должина од 120см.<br>Моќност 18W<br>Напон 220V<br>Температура на светлина мин.6000K<br>Гаранција 1 година | парче | 1 | 133,01 |
| **125.** | Лед сијалица (топка) Е27 GLS , Мокност 15W<br>Напон 220 V<br>Баја на светлина мин.6000K | парче | 1 | 140,61 |
| **126.** | Проводник за струја(кабел) ППГ 3x1,5mm | метар | 1 | 28,88 |
| **127.** | Проводник за струја(кабел) ППГ 3x2,5mm | метар | 1 | 44,08 |
| **128.** | Проводник за струја(кабел) ППЛ 3x1,5mm | метар | 1 | 33,44 |
| **129.** | Проводник за струја(кабел) ППЛ 3x2,5mm | метар | 1 | 51,69 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 130. | Проводник за струја(кабел) ППЛ 2x1,5mm | метар | 1 | 21,28 |
| 131. | Проводник за струја(силикон кабел) ПП/Ј 2x0,75mm | метар | 1 | 13,68 |
| 132. | Продолжен кабел 3x1,5mm од 3 m со минимум три излези | парче | 1 | 167,22 |
| 133. | Продолжен кабел 3x1,5mm од 5 m со минимум пет излези | парче | 1 | 224,22 |
| 134. | Осигурувачи топливи (патрони) 25A | парче | 1 | 22,80 |
| 135. | Осигурувачи топливи (патрони) 63A | парче | 1 | 49,41 |
| 136. | Осигурувачи топливи (патрони) 16A | парче | 1 | 19,00 |
| 137. | Редни клеми 1.5мм.-2.5мм. 6A | парче | 1 | 26,60 |
| 138. | Редни клеми 2.5мм.-4мм. 10A | парче | 1 | 30,40 |
| 139. | Редни клеми 4мм.-6мм. 20A | парче | 1 | 38,00 |
| 140. | Автоматски осигурувачи 16A, 1 пол, работен напон 230/400 V, работна фреквенција 50/60 Hz, класа на заштита минимум IP 20 или еквивалентен | парче | 1 | 117,81 |
| 141. | Автоматски осигурувачи 20A, 1 пол, работен напон 230/400 V, работна фреквенција 50/60 Hz, класа на заштита минимум IP 20 или еквивалентен | парче | 1 | 121,61 |
| 142. | Автоматски осигурувачи 25A, 1 пол, работен напон 230/400 V, работна врекvenција 50/60 Hz, класа на заштита минимум IP 20 или еквивалентен | парче | 1 | 125,41 |
| 143. | Автоматски осигурувачи 63A, 1 пол, работен напон 230/400 V, работна фреквенција 50/60 Hz, класа на заштита минимум IP 20 или еквивалентен | парче | 1 | 226,50 |
| 144. | Табла изработена од самогасива пластика отпорна на топлина со вградени краткоспојни клеми за минимум 18 автоматски осигурувачи од 363-221-95 мм до 392 x 232 x 106 мм | број | 1 | 243,23 |
| 145. | Флуо арматура<br>- затворена, дупла со<br>две цевки, должина на цевките 60 cm, 650-120-90 мм | парче | 1 | 300,23 |
| 146. | Флуо арматура<br>- затворена, дупла со две цевки, должина на цевките 120 cm, 1265-120-90 мм | парче | 1 | 372,44 |
| 147. | Флуо арматура<br>- затворена, дупла со две цевки, должина на цевките 150 cm, 1565-120-90 мм | парче | 1 | 440,85 |
| 148. | Фазомер -мал шрафцигер наменет за контактна детекција на присуство на AC напон од 220-250V, со штип36ка за закачување на џеб | парче | 1 | 36,48 |
| 149. | Ножици за кроење со опфат на сечење 25мм. | парче | 1 | 224,22 |
| 150. | Ножици за жива ограда со дрвени рачки | парче | 1 | 292,63 |
| 151. | Ножици за дрво со опфат на сечење 40мм. Телескопска рачка 65-90см. | парче | 1 | 372,44 |
| 152. | Пила за дрво 762mm/30" Лист за суво дрво, челична рамка со елипсаст профил за зголемена јакост, зајакнати запци, острени од двете страни заради продолжен век на траење и прецизно сечење во двете насоки. | парче | 1 | 220,42 |
| 153. | Конец за косење (за моторна косачка)<br>Дебелина на конецот 2,7мм. | метар | 1 | 16,72 |
| 154. | Турпија за ланец (за моторна жага) | парче | 1 | 167,22 |
| 155. | Турпија рамна (за моторна жага) | парче | 1 | 148,22 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 156. | Ланец за (жага 30-3/8) | парче | 1 | 744,88 |
| 157. | Бојлерче со пластично казанче за вода до 5л, минимум 1000 W | парче | 1 | 1.999,01 |
| 158. | Батериска ламба со 5mm дијаметар (30 000mcd). Трајност на LED диодите до 50 000h. 1x 1.5V AA батерија, траење на батерии до 5h при непрекинато осветлување. | парче | 1 | 140,61 |
| 159. | Батериска дупчалка Напон: 18V. Моќност : Li-ion Батерија ( 1,5Ah ), Вртежи во празно: 0-700 / min-1, Степени на вртежен момент: 21 + 1, вртежен момент: 18 Nm, LED сијалица, Самозатезна глава : Ø 10 mm ( максимум), Капацитет на дупчење : 18 mm (дрво), 7 mm (железо) во пакет со резерва батерија гаранција 1 година (во пакет) | парче | 1 | 1.961,01 |
| 160. | Црево за компресор со должина од 10м. Дијаметар5/8мм. спојки на двете страни | парче | 1 | 364,84 |
| 161. | Пиштол за фарбање со дизна1.4мм. и резервоар 600мл. | парче | 1 | 1.056,51 |
| 162. | Скалпер метален ширина 18мм.,должина 158мм. во комплет со 5ножеви резерва. | компет | 1 | 49,41 |
| 163. | Ножеви за скалпер во пакување 10 броја големина 18x100мм. | пакување | 1 | 41,80 |
| 164. | Бит крстач 25мм PH2 | парче | 1 | 30,40 |
| 165. | Бит прав 5.5 x 25мм. | парче | 1 | 25,00 |
| 166. | Наставок за битови 60мм. | парче | 1 | 34,00 |
| 167. | Изолир лента за струја од винил максимум 20 m | парче | 1 | 45,60 |
| 168. | Батерии алкални АА од 1,5v обични тенки | парче | 1 | 21,28 |
| 169. | Грејач за термо печка 2,5kw/3kw димензија,65x64,5x32cm | број | 1 | 300,23 |
| 170. | Батерија 1,5V. C.R14 или еквивалентно дебели | парче | 1 | 49,41 |
| 171. | Двополен приклучок (штек шуко) единечен | парче | 1 | 69,93 |
| 172. | Двополен приклучок (штек шуко) со два увода | парче | 1 | 74,49 |
| 173. | Утикач шуко монофазен | парче | 1 | 64,61 |
| 174. | Утикач шуко трофазен | парче | 1 | 74,49 |
| 175. | Продолжен кабел 3x2,5мм од минимум 3 метри со три излези | парче | 1 | 269,83 |
| 176. | Продолжен кабел 3x2,5мм од минимум 5 метри со пет излези | парче | 1 | 377,76 |
| 177. | Мултифункционален мрсен контакт спреј PRF WD-40/400 | парче | 1 | 110,21 |
| 178. | Пластичен канал за покривање кабли за зид или плафон 16x16 должина 2 метри | парче | 1 | 45,60 |
| 179. | Пластичен канал за покривање кабли за зид или плафон 25x25 должина 2 метри | парче | 1 | 51,69 |
| 180. | Пластичен канал за покривање кабли за зид или плафон 40x25 должина 2 метри | парче | 1 | 72,21 |
| 181. | Врвка за кабел пластична со димензии (105x20x160)мм пакување од 100 парчиња | пакување | 1 | 136,81 |
| 182. | ОГ шуко штек монофазен 16А | парче | 1 | 91,21 |
| 183. | Заштитна маска за прашина | парче | 1 | 45,60 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 184. | Заштитни наочари | парче | 1 | 74,49 |
| 185. | Валјак кончен со рачка комплет | парче | 1 | 174,82 |
| 186. | Валјак сунгераст со рачка комплет | парче | 1 | 74,49 |
| 187. | Типла ф6 | парче | 1 | 2,28 |
| 188. | Типла ф8 | парче | 1 | 3,80 |
| 189. | Типла ф10 | парче | 1 | 4,56 |
| 190. | Типла ф12 | парче | 1 | 5,32 |
| 191. | Завртка (торбан штраф) М6х60 | парче | 1 | 7,60 |
| 192. | Батерија за мал бојлер ѕидна еднорачна со излив до 200 мл. | парче | 1 | 744,88 |

***Продавач,***
***ПЕРБЛАГ ДОО Кочани***
***Управител,***

***( Блага Сенесова )***

***Купувач,***
***Општина Кочани***
***Градоначалник,***

***( Николчо Илијев )***

*Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Далиборка Стојанова*
*Согласен : Раководител на Одделение за правни и општи работи–Венцо Бојков*
*Контролирал: Помошник Раководител на Сектор за правни, јавни дејности и општи работи–Анна Кралева*